**Здружение на просветни работници и заштита на правата на жените и децата ЛИЛ**

**Старателство како услов за добивање на здравствено осигурување**

Џ.М. е на 53 годишна возраст и има две внучиња од нејзината ќерка на возраст од 15 и 16 години. По бракоразводната постапка помеѓу нејзиниот зет и ќерка, децата и се доделени на мајката. Во моментов поради отсуство на мајката која веќе 2 години е надвор од земјата, децата не можат да добијат здравствено осигурување. Бабата се обратила до Центарот за социјални работи до одделот за старателство барајќи таа да биде назначена за старател, но истата е вратена со образложение дека прво нејзината ќерка треба да се откаже од родителското право за да може таа да стане старател. Еден од главните проблеми кои тие го имаат е немањето на сопствен дом. Живеат во куќа која е отстапена од нивни блиски роднини. До пред година дена оваа жена се селела од една населба и друга и живеела под кирија. На прашањето дали таа и нејзините внуци имаат матичен лекар, таа ни одговори “ Фала му на Бога, досега немав здравствени проблеми, но поради тешката финансиска состојба во која сум, не ни помислувам да одам на лекар затоа што за се треба пари. Пред две недели девојчето го болеше заб, бев приватно на забар, приватно ги земав и лековите и таа се уште е под терапија. Да имав здравствена книшка ќе беше подобро. Господе, те молам чувај не од лошо, да бидеме здрави и живи, а потоа се друго.“ Дали Господ, дали социјалниот центар и ФЗО ќе им обезбедат здравје и пристап до здравствени услуги на ова семејство- останува да видиме!

*улица Никола Островски бр.2*
*1000Скопје*
*тел/факс: +389 26134 076*
*e-mail:infongolil@yahoo.com*